РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 15.02.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 174/1 | | |

( Образец ПП……)

**До**: **Општина Валандово, ул. „Иво Лола Рибар“ бр.3, 2460 - Валандово**

*(имател на информацијата)*

## БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**
[redacted]
*(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)*

**Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /**
*(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)*

**Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:**

Сите договори што општината ги склучила за купување термин за соопштенија, известувања и вести за пошироката јавност да се запознае со случувањата во општината за 2019, 2020 и 2021 година со: телевизии / радија / продукциски куќи / маркетинг агенции / здруженија на граѓани / новинари...

*(опис на информацијата која се бара)*

**Начин на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

*(се наведува бараниот начин, со заокружување)*

**Начин на доставување на информацијата:**

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго или по пошта или по е-маил, како Ви одговара.

*(се наведува бараниот начин, со заокружување)*

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted] 08.02.2021 година**

*(доколку [redacted] ена форма)*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-174/2
26.02.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

Арх. знак 1008
Рок на чување 5 г.
20 год.
Потпис

ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше барање од 08.02.2021

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 08.02.2021 година во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци од Општина Валандово.

Во 2018 година Општина Валандово има склучено договори за медиумско претставување- купување на термини за соопштенија, известувања и вести и запознавање на пошироката јавност **за 2019 година** со:

1.ТРД Радио Валандово (Договор бр. 03-1451/1 од 31.12/2018 година)
2.Балканика ДОО (Договор бр. 03-1347/1 од 07.12/2018 година)
3. ДПТУ ВОРТЕХС МЕДИА ДОО (Договор бр.03-791/1 од 02.07.2018 година)
4.Регионална Телевизија КОБРА(Договор бр.03-1057/1од11.09.2018година)
5.Регионална Телевизија КОБРА(Договор бр.03-796/1од 03.07.2018година)

Во 2020 година Општина Валандово има склучено договор за медиумско претставување- купување на термини за соопштенија, известувања и вести и запознавање на пошироката јавност **за 2020 година** со:

1.ТРД Радио Валандово (Договор бр. 03-328/1 од 25.03.2020година )

Во **2021** година Општина Валандово сеуште нема склучено никаков договор за медиумско претставување- купување на термини за соопштенија, известувања и вести запознавање на пошироката јавност.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
СЕКРЕТАР
БОРО КИРОВ

Подготвил: С.Х. Јовановиќ

Прилог: 6 договори

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 6б, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03 - 1451/1
31. 12. 200 18 год.
Валандово

0307
31. 12. 10
18

# ДОГОВОР

за купување на месечен термин
за радиско емитување на програма

Трговско радиодифузно друштво
24-03/1
31. 12. 18 год.

## I. ДОГОВОРЕНИ СТРАНИ

1. Општина Валандово, со седиште на улица „Иво Лола Рибар“ бб., со ЕМБС 6381871, претставувана од Градоначалникот, Перо Костадинов, во понатамошниот текст: нарачувач,

0307
10
31-12 18

и

2. Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, со седиште на ул."6-ти Ноември" бр.41, Валандово, со ЕМБС 6334148, претставувано од Управителот Дионис Нунов, во понатамошниот текст: вршител на услуги.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е закупување на месечен термин за радискоо емитување на програма за потребите на Општина Валандово во 2019 година.

Вршителот на услугата во рамките на закупениот месечен термин е должен:

-да ги следи и емитува седниците на Советот на Општината ;

-да емитува информации за активностите на Општината и Градоначалникот и тоа на денот на реализацијата на настанот.

-да ги емитува соопштенијата и другиот вид на информативен материјал за потребите на Советот на општината, Градоначалникот и општинската администрација.

## III. ЦЕНА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната цена на услугата од член 2 на овој Договор, изнесува 150.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши врз основа на доставена фактура во архивата на Општина Валандово.

Член 3

Вкупната цена од член 4 на овој Договор е фиксна и непроменлива по било кој основ за целокупното времетраење на Договорот.

## IV. РОК НА ИСВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 4

Рокот за извршување на услугата е една година и тоа календарската 2019 година.

## V. ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Доколку Нарачателот задоцни со исполнување на паричната обврска (плаќањето) од овој Договор, долгува покрај главнината и затезна камата, согласно позитивните законски прописи.

Член 6

Вршителот на услугата има право на затезна камата без оглед на тоа дали претрпел некаква штета поради задоцнувањето.

Ако штетата што ја претрпел Вршителот на услугата поради задоцнувањето е поголема од износот што би го добил на име затезна камата, тој има право да бара разлика по целосниот надомест на штетата.

## VI. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Член 7

Вршителот на услугата е должен:

- услугата да ја врши професионално, одговорно и во согласност со прописите и правилата на дејноста;
- доставениот материјал од Општина Валандово да го емитува во редовни термини и во вонредни специјални програмски појаси определени во согласност со терминскиот и медиа план;
- на својата програма да ги емитува сите доставени материјали од Општина Валандово без било каква измена на текстот односно содржината на истите, на начин и во рокови определени со овој договор;
- навремено да ја информира Општина Валандово за евентуалните промени во стандардната програмска шема Радио Валандово ДОО Валандово.

## VII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

Член 8

Нарачувачот има обврска благовремено, да ги известува Вршителот на услугата за настанот, односно информацијата која ќе треба да се емитува.

Член 9

Нарачувачот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок, со што би се овозможило несметано извршување на услугата.

Нарачувачот, по барање на давателот на услугата, ќе му стави на располагање и користење и стенограми во вид на аудио запис за редакциски прилози и коментари.

Член 10

Нарачателот е должен да постапи по барање на Вршителот на услугата, за објаснување на недоволно јасни детали и во примерен рок да му го даде бараното објаснение.

## VIII.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 11

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорените страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се изнајде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава стварно месно надлежниот суд.

## IX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Член 13

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорена страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската, доколку постојат услови за тоа.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорена страна, може да го раскине договорот.

Член 14

Договорната страна која поради неисполнување на договорените обврски го раскине договорот, должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 15

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврските за надомест на евентуалната штета.

## Х. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 16

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на двете договорени страни.

Член 17

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и важечките законски прописи во Република Македонија.

Член 18

Договорните страни може да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните стрнани по писмен пат.

Договорот може да се измени и дополнува со Анекс-Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Член 19

Ниту една од договорните страни нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 20

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорена страна.

НАРАЧУВАЧ:
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА:
ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово
Управител
Дионис Нунов

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-1347/1
07-12 200 18 год
Валандово

Друштво за издавачка дејност и маркетинг
БАЛКАНИКА ДОО
Бр. 03/214/22
07. 12. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

за деловна соработка

Склучен во Валандово, на ден 07.12. 2018 год. помеѓу:

1. **ОПШТИНА ВАЛАНДОВО** - со седиште на ул. "Иво Лола Рибар" бб во Валандово, претставувана од Перо Костадинов, Градоначалник (во понатамошниот текст:Нарачател) и
2. **БАЛКАНИКА ДОО** - со седиште на Бул."Кузман Ј. Питу" бр.17 – лок. 16 во Скопје, (во понатамошниот текст: Извршител) претставувана од Сузана Симјаноска, Проект менаџер

**Член 1**

Предмет на овој Договор е објавување Воведен збор на Градоначалникот Перо Костадинов за поглавјето "Some of the Municipalities of the Republic of Macedonia" и презентација на ОПШТИНА ВАЛАНДОВО во публикацијата BUSINESS DIRECTORY OF MACEDONIA 2019

| Ред. Бр. | ВИДОВИ УСЛУГИ | Износ Без ДДВ | ДДВ 18% | Износ со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **ПАКЕТ 2а**<br>- Воведен збор на 2 стр.<br>- Презентација на 2 стр.<br>- Презентација на web страница – интернет<br>- Објавување на банер<br>- Публикација BDM 2019 – 2 (два) прим. | 85.000,00 | 15.300,00 | 100.300,00 |
| | | | **Вкупно** | **100.300,00** |

**Со зборови:** Сто илјади и триста денари.

**Член 2**

**Финансиско задолжување на Нарачателот:** ........................................ 85.000,00 ден.
ДДВ 18% : ........................................ 15.300,00 ден.
Вкупно : ........................................ **100.300,00 ден.**

**Начин на плаќање:** Вирмански

**Рок на плаќање:** 31.01.2019 год.

**Член 3**

Нарачателот се обврзува да го обезбеди потребниот материјал за подготовка на презентацијата, според упатствата дадени од Извршителот.

**Член 4**

Извршителот се обврзува Воведниот збор за поглавјето "Some of the Municipalities of the Republic of Macedonia" и презентацијата на ОПШТИНА ВАЛАНДОВО да ја објави и во електронска форма – интернет, 15 дена по приемот на материјалите, односно по одобрувањето од страна на Нарачателот.
Извршителот се обврзува публикацијата BUSINESS DIRECTORY OF MACEDONIA 2019 што е предмет на овој Договор, да ја издаде во Декември 2019 година.

**Член 5**

Во случај на спор, кој не може да се реши спогодбено помеѓу договорните страни, ќе решава надлежниот Суд во Скопје.

**Член 6**

Овој Договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Нарачателот и 2 (два) за Извршителот.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **За Нарачател** | **За Извршител** |
| Перо Костадинов | Сузана Симјаноска |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

За издавачка дејност и маркетинг БАЛКАНИКА ДОО експорт-импорт „СКОПЈЕ“

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-791/1
02.07.2018 год.
Валандово

Друштво за производство,трговија и услуги
ВОРТЕХС МЕДИА ДОО експорт-импорт
Бр. 13-18
02.07. 2018 год
Валандово

# ДОГОВОР

## за извршување на услуги – интернет рекламирање, со поставување на рекламен банер на Valandovo.mk, како и објавување на ПР содржини

Арх. знак 0307
Рок на чување 10
02.07. 18 год.

Склучен на ден 02.07.2018 година, во Валандово, помеѓу:

1. Друштво за производство, трговија и услуги ВОРТЕХС МЕДИА ДОО експорт-импорт Валандово, ул. 29-ти Ноември бр.21 Валандово застапувано од управителите: Стојанчо Китановиќ од Валандово со стан на ул.29-Ноември бр.21 во Валандово со ЕМБГ 1808986463004 и Костадин Стојчев од Валандово со стан на ул.Вељко Влаховиќ бр.3 во Валандово со ЕМБГ 2509989460001 (во понатамошниот текст "Давател на услуга") и

2. Општина Валандово, ул. ,,Иво Лола Рибар,, бб , Валандово, со ЕДБ4003008500464 и ЕМБС6381871, застапувана од Перо Костадинов, Градоначалник на Општина Валандово. (во понатамошниот текст Нарачател)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите – предмет на овој Договор.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е обезбедување простор за поставување на рекламен банер, како и објава на ПР содржини од страна на давателот на услугата, за време на договорниот период.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната договорена вредност на месечно ниво изнесува 3.800,00 денари (со зборови: три илјади и осумтотини) денари, а на годишно ниво таа сума изнесува 45.600,00 денари (со зборови: четириесет и пет илјади и шестотини) денари.

Давателот на услугата не е ДДВ обврзник.

## IV. РОК НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот е со ограничен рок, почнувајќи од 01.07.2018 до 01.07.2019 година. Овој рок може да се промени со евидентирано писмено известување до давателот на услугата, а во случај да постојат објективни причини за спроведување на договорот.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 5**

- Нарачателот ја нарачува рекламата по писмен пат, по е-мејл или телефонски.
- Нарачателот врши промена на рекламата по писмен пат, по е-маил или телефонски.
- Нарачателот е должен самиот да достави рекламен материјал (рекламен банер во димензии 300 x 250px, или ПР текст)
- Во слулај нарачателот да нема изработен рекламен банер или ПР текст, тоа може да го направи давателот на услугата со дополнителен надомест од 1000 денари по рекламен банер/ПР текст до 500 зборови.

- Нарачателот се обврзува да ја плати вредноста утврдена согласно член 3 од овој Договор, по доставањето на фактура од страна на давателот на услугата.
- За дополнителни обврски кои ќе произлезат од овој Договор (како изработка на рекламен банер или ПР тест), давателот на услугата тековно ќе му испраќа фактури на нарачателот.
- Давателот на услугата се обврзува континуирано да го прикажува банерот на одредената позиција како и времено да ги објавува ПР содржини доставени од нарачателот.
- Во случај на технички проблеми (дефекти) во опремата на медиумот, кога не е можно да се врши услугата прикажување на рекламниот банер, извршителот е должен да обезбеди дополнително продолжување на периодот за времето во кое не се вршело прикажувањето.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Измени и дополненија на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс - Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 7**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Гевгелија.

**Член 8**

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примероци, од кои по 1 (еден) за секоја страна.

**Давател на услуга:**
Вортекс Медиа, ДОО, Валандово
Управители:
Стојанчо Китановиќ ____________
Костадин Стојчев ____________

**Нарачател:**
Општина Валандово
Градоначалник
____________
Перо Костадинов

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-1057/1
11-09 200 18 год
Валандово

0302-0
07.09.2018

# Регионална Телевизија Кобра

**- 25 години постоење -**

## ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ПРОСТОР НА РЕГИОНАЛЕН (ТЕЛЕВИЗИСКИ) МЕДИУМ

Радиодифузен регион Д4 Боскија:



Општина **Радовиш**

Општина **Струмица**

Општина **Гевгелија**

Општина **Валандово**

Општина **Дојран**

Општина **Ново Село**

Општина **Босилово**

Општина **Богданци**

Општина **Конче**

Општина **Василево**

Склучен на ден ______________ година во Радовиш, помеѓу:

1. Трговско радиодифузно друштво ТВ Кобра ДОО со седиште на Бул.А.Македонски бр.18 во Радовиш,ЕМБС-4700309,ЕДБ-4023993106040 застапувано од Управител Ленче Литајковска (во понатамошниот текст како закуподавец).

2. Општина Валандово ул.Иво Лола Рибар застапувана од Градоначалникот Перо Костадинов (во понатамошен текст како закупец).

Предмет на овој договор е закуп на простор на регионален електронски (телевизиски) медиум за емитување на соопштенија, известувања и огласи, снимање на седници на Совет, информативни емисии со Градоначалникот и други службени лица, снимање и емитување на информативни програми, емитување на кампањски и други активности по цени опишани во следната сецификација:

| ред. бр | опис на активност | единечна цена со ДДВ | вкупно цена со ДДВ за четири месеци |
|---|---|---|---|
| 1. | Емитување на соопштенија, известувања и огласи во форма на текст, звук и слика по четири пати дневно. До 24 објави во една година | 1.400,00 денари | 1 x 1.400 = 1.400,00 денари |
| 3. | Информативни емисии со Градоначалникот или други службени лица именувани од него. Најмногу 12 емисии во текот на годината, со времетраење до најмногу 60 минути. | 3.800,00 денари | 1 x 3.800.000,00= 3.800,00 денари |
| 4. | Снимање и емитување на информативни програми на тековните активности по барање на Општината. Најмногу 60 активности во текот на годината | 2.100,00 денари | 17 x 2.100,00 = 35.700,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Објавување на настани од Општините низ социјалните мрежи во визуелна форма - текст, звук и видео. Најмногу до 36 објави годишно. | 1.200,00 денари | 16 x 1.200,00 19.200,00 дена |

| | |
|---|---|
| Вкупен износ месечно | 15.025,00 денари |
| Вкупен износ | 60.100,00 денари |

Член 2

- Вредноста на овој договор за закуп на простор на регионален електронски (телевизиски) медиум изнесува 60.100,00 денари.

- Договорот се однесува за период од 01.09.2018 до 31.12.2018 годи

- Закупецот го реализира овој договор според однапред договорено закупено време за реализација на поединечни активности како што опишано во спецификацијата (опис на активност и количина на активност) и го задржува правото одредена активност да ја реализи повеќе пати во однос на договореното, а дополнителната активност биде регулирана со Анекс на официјалниот Договор. Количината на активности регулирани со овој договор може дополнително да се разгледаат и усогласат според потребите на закупецот.

Член 3

- Закупот на просторот на регионалниот електронски (телевизиски) медиум за реализација на активностите опишани во спецификацијат ќе се извршува по претходна писмена порачка од страна на закупецо до закуподавецот или преку електронска пошта.

- Во исклучителен случај закупецот може да упати и усмена порачка преку службено лице определно од Градоначалникот на Општина.

Член 4

- За реализираните активности предвидени во овој договор закуподавецот доставува фактура на закупецот за плаќање на закупениот простор со опис на активноста, цената без ДДВ и вкупна цена со ДДВ согласно договорената спецификација.

- Закупецот се обврзува фактурата да ја плати во рок од 30 дена сметано од денот на доставување на истата.

- Телевизијата го задржува правото да го прекине емитувањето, во случај кога нарачателот не ги исполнил обврските за плаќање во утврдениот рок, наведени во фактурата, или не се придржува на договорените услови.

Член 5

Овој договор се склучува за период од четири месеци денот на потпишувањето на двете договорени страни.

Член 6

Рокот за исполнување на обврските на закуподавецот за закуп на простор на електронскиот (телевизскиот) медиум е од суштесетвена природа и доколку закуподавецот благовремено и во договорен рок не ја исплни обврската, закупецот може да ги раскине овој договор со проста изјава за раскинување на договорот или да бара надомест на евентуалната штета.

Член 7

За се што не е регулирано со овој договор се применува Законот за облигациони односи и друга позитивна законска регулатива.

Член 8

- Двете договорни страни прифаќаат и се согласуваат во секое вре да ги третираат услугите, податоците и документацијата поврзани овој договор како „строго доверливи" на страната која ги доставува податоците, освен ако не е поинаку наведено со писмено одобрува

- Секоја од договорните страни се согласува да ги третира како стр доверливи податоците во овој договор и сите информации добиени другата договорна страна како резултат на преговорите во врска со овој договор, или како резултат од извршувањето на обврските спор овој договор, вклучувајќи и дека нема да му ги открие таквите информации на ниту едно друго лице, освен кога доверливиот материјал:

- им е ставен на располагање на вработените на една од договорните страни, во случај кога тоа е неопходно;
- бил законски во поседување на таа страна пред започнувањето преговорите што довеле до овој договор, и/или е веќе јавно познат ќе стане таков на некој иден датум (на начин кој не е резултат прекршување на оваа клаузула);
- е побаран од примателот на податоци од страна на овласт државен орган или од надлежен суд, со легитимна наредба врз осно на релевантен закон. За ваквото барање примателот на подато веднаш ќе го извести давателот на податоци.

-Секоја договорна страна ќе ги направи сите оправдани напори да обезбеди нејзините вработени да се придржуваат кон одредбите на овој член и ќе обезбеди истите да бидат подложни на договорна должност за такво придржување.

ТРД ТВ КОБРА ДОО

Управител

Ленче Литајковска

Општина Валандов

Градоначални

Перо Костадинов

Трговско радиодифузно друштво
Телевизија КОБРА ДОО
0307-061
03.07.2018 год.
РАДОВИШ

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-796/1
03.07.2018 год.
Валандово

# ДОГОВОР

# ЗА

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1.**ТРД ТВ КОБРА ДОО** ул.Булевар Александар Македонски бр.18 Радовиш застапувано од управител Ленче Литајковска , од една страна како примател на финансиска поддршка и

2. **ОПШТИНА ВАЛАНДОВО – Валандово** (понатамошен текст Општина Валандово), застапувана од Градоначалник Перо Костадинов, од друга страна како давател на финансиска поддршка.

Странките се договорија и постигнаа согласност во следново:

**Член 1**

**Предмет на договорот**

Предмет на овој Договор е давање на финансиска поддршка за реализација на проектот ,,Игри без граници-сезона 5,, - детска емисија која опфака натпревар помеѓу дечиња од две соседни Општини од Југоисточниот дел на Македонија.

**Член 2**

**Вредност на Договорот**

Учеството на финансиската поддршка на овој Договор изнесува 15.000,00 денари зголемено за износот на ддв од 18% -2.770,00 денари или вкупно 17.700,00 денари, кои ќе бидат исплатени од средствата на Буџетот на Општина Валандово.

**Член 3**

Износот од 17.700,00 денари, давателот на финансиската поддршка ке ги уплата на примателот на поддршката, со следниве податоци: ТРД ТВ КОБРА ДОО Радовиш со ДБ МК 4023993106040, МБ 4700309, со жиро сметка 210047003090254 депонент на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје.

**Член 4**

**Обврска од Договорот за финансиска поддршка**

Давателот на финансиска поддршка врши доброволно исплата на финанските средства , а примателот на финансиската поддршка се обврзува да го промовира името, општината и заштитниот знак на давателот на финансиска поддршка, во текот на емитувањето на емисиите на проектот ,,Игри без граници-сезона 5,,.

**Член 5**

Во случај на потреба од измена на договорните одредби, страните се согласни да склучаат дополнителен анекс на основниот Договор .

Секое дополнување на основниот Договор траба да биде во писмена форма со точно прецизирање на членот кој се менува, потпишан и заверен од двете страни.

Овој договор е склучен во четири примероци од кои по два на двете договорни страни.

Примател на финансиска поддршка
ТРД ТВ КОБРА ДОО

Управител

Ленче Литајковска

Давател на финансиска поддршка
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Градоначалник

Перо Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 03-328/1
25.03 2020 год.
Валандово

Трговско радио дифузно друштво
РАДИО ВАЛАНДОВО
Бр. 04-05/1
24.03 2020 год.
Валандово

# ДОГОВОР

## за купување на месечен термин за радиско емитување на програма

I.ДОГОВОРЕНИ СТРАНИ

1. Општина Валандово, со седиште на улица „Иво Лола Рибар“ бб., со ЕМБС 6381871, претставувана од Градоначалникот, Перо Костадинов, во понатамошниот текст: нарачувач,

и

2. Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, со седиште на ул."6-ти Ноември" бр.41, Валандово, со ЕМБС 6334148, претставувано од Управителот Дионис Нунов, во понатамошниот текст: вршител на услуги.

II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е закупување на месечен термин за радискоо емитување на програма за потребите на Општина Валандово во 2020 година.

Вршителот на услугата во рамките на закупениот месечен термин е должен:

- да информира за мерките и препораките за справување со заразната болест КОВИД-19;
- да ги следи и емитува седниците на Советот на Општината ;
- навремено да ги информира граѓаните за активностите на општината;
- да емитува соопштенија и друг вид на информативен материјал за потребите на општината;

III. ЦЕНА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Цената на услугата од член 2 на овој Договор изнесува 15.000,00 денари месечно, без ДДВ.

На износот од претходниот став се пресметува ДДВ.

Член 3

Цена од член 2 на овој Договор е фиксна и непроменлива по било кој основ за целокупното времетраење на Договорот.

IV. РОК НА ИСВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 4

Рокот за извршување на услугата е за период од 9 (девет) месец, почнувајќи од месец април до крајот на месец декември 2020 година

V. НАЧИН,УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Плаќањето ќе се врши по доставена фактура, месечно, на девет еднакви рати.

## VI. ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Доколку Нарачателот задоцни со исполнување на паричната обврска (плаќањето) од овој Договор, долгува покрај главнината и затезна камата, согласно позитивните законски прописи.

Член 7

Вршителот на услугата има право на затезна камата без оглед на тоа дали претрпел некаква штета поради задоцнувањето.

Ако штетата што ја претрпел Вршителот на услугата поради задоцнувањето е поголема од износот што би го добил на име затезна камата, тој има право да бара разлика по целосниот надомест на штетата.

## VII. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Член 8

Вршителот на услугата е должен:

- услугата да ја врши професионално, одговорно и во согласност со прописите и правилата на дејноста;
- доставениот материјал од Општина Валандово да го емитува во редовни термини и во вонредни специјални програмски појаси определени во согласност со терминскиот и медиа план;
- на својата програма да ги емитува сите доставени материјали од Општина Валандово без било каква измена на текстот односно содржината на истите, на начин и во рокови определени со овој договор;
- навремено да ја информира Општина Валандово за евентуалните промени во стандардната програмска шема Радио Валандово ДОО Валандово.

## VIII. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

Член 9

Нарачувачот има обврска благовремено, да ги известува Вршителот на услугата за настанот, односно информацијата која ќе треба да се емитува.

Член 10

Нарачувачот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок, со што би се овозможило несметано извршување на услугата.

Нарачувачот, по барање на давателот на услугата, ќе му стави на располагање и користење и стенограми во вид на аудио запис за редакциски прилози и коментари.

Член 11

Нарачателот е должен да постапи по барање на Вршителот на услугата, за објаснување на недоволно јасни детали и во примерен рок да му го даде бараното објаснение.

## IX.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 12

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорените страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се изнајде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава стварно месно надлежниот суд.

## X. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Член 15

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорена страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската, доколку постојат услови за тоа.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорена страна, може да го раскине договорот.

Член 16

Договорната страна која поради неисполнување на договорените обврски го раскине договорот, должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 17

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврските за надомест на евентуалната штета.

## XI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 18

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на двете договорени страни.

Член 19

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и важечките законски прописи во Република Македонија.

Член 20

Договорните страни може да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните стрнани по писмен пат.

Договорот може да се измени и дополнува со Анекс-Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Член 21

Ниту една од договорните страни нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 22

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорена страна.

НАРАЧУВАЧ:
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА:
ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово
Управител
Дионис Нунов